Црвен крст на Република Македонија

# ПРАВИЛА
## ЗА УПОТРЕБА И ЗАШТИТА НА АМБЛЕМОТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ



2018

# ВОВЕД

Црвениот крст на Република Македонија, почитувајќи ги одредбите на Правилата за користење на амблемот на Црвен крст, донесени на 20та Меѓународна конференција во Виена 1965 год., а ревидирани од страна на Советот на делегати на состанокот во Будимпешта 1991 и Законот за Црвен крст на Република Македонија од 1994 година како и основната цел за правилен однос спрема тоа прашање, пристапи кон изготвување и донесување на Правила за употреба и заштита на амблемот на Црвениот крст, од страна на корисниците во Република Македонија.

Донесувањето на овие правила е поврзано со заедничките активности на Црвениот крст на Република Македонија и Меѓународниот комитет на Црвениот крст

Овие правила значат остварување на правната обврска од Законот за Црвениот крст на Република Македонија, како подзаконско решение за регулирање и санкционирање на прашањата околу употребата на амблемот.

Со Правилата се воспоставува соодветен однос на општата регулатива на Црвениот крст со пазарниот систем, што како искуство веќе го имаат земјите со современа демократија и членки на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Со донесувањето на Правилата, Црвениот крст на Република Македонија ја покажува својата цврста определба за поврзаноста во семејството на движењето, интегративното чувство кон Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина и остварувањето на фундаменталните принципи како основа во активностите на секое национално друштво.

**Правилата ја прецизираат одговорноста, правата и обврските на Црвениот крст на Република Македонија, државните органи и институции и други овластени корисници при употребата на АМБЛЕМОТ ЦРВЕН КРСТ.**

***Црвен крсш на Република Македонија***

Врз основа на член 46 од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија, Извршниот одбор на Собранието на Црвениот крст на Република Македонија на седницата од 07.07.2000 година донесе

# ПРАВИЛА
## ЗА УПОТРЕБА И ЗАШТИТА НА АМБЛЕМОТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овие правила се уредуваат условите кои ја утврдуваат употребата и заштитата на амблемот Црвен крст во Република Македонија, согласно со меѓународното хуманитарно право, фундаменталните принципи на Црвениот крст и Црвената полумесечина и Законот за Црвениот крст на Република Македонија.

### Член 2

***Употреба на амблемот***

Црвениот крст на Република Македонија, согласно одредбите од чл.10 14 од Законот за Црвениот крст на Република Македонија, амблемот Црвен крст може да го употребува за две различни намени:

1. Показна намена во мирно време;
2. Заштитна намена во мирно време, вонредна и воена состојба.

### Член 3

***Углед и почитување на амблемот***

Црвениот крст на Република Македонија (во понатамошниот текст националното друштво) може да го користи амблемот само за активности содржани во принципите одредени во Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, што се основа за неговите специфични акции: доброволно помагање на лицата кои страдаат, на лицата кои се директни или индиректни жртви на конфликти, како на природни така и на друг вид катастрофи. Националното друштво ќе се воздржува од истакнување на амблемот кога спроведува активности кои немаат тесна врска со неговата основна мисија.

### Член 4

***Разлика во употребата на амблемот***

Секое недоразбирање помеѓу заштитната и показната улога на употребата на амблемот мора да се одбегнува.

Во воени конфликти, Националното друштво кое ги продолжува и активностите од мирновременските услови мора да ги превземе сите потребни мерки за да се осигура дека амблемот се користи показно, истакнат на објект или од лице и да биде видлив само како знак на Националното друштво, а не како право да се биде под заштита на меѓународното хуманитарно право.

Во мирновременски услови, Националното друштво го користи амблемот како показно средство со релативно мали димензии и да не биде истакнат на покриви на објекти и на знамиња

Употребата на амблемот во големи димензии не е исклучена во одредени случаи, како на пример, кога го користат членовите на единиците за итни интервенции и возилата, во вршењето на активности, кои треба да бидат лесно препознатливи.

## 2. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Член 5

***Дизајн на амблемот***

Амблемот Црвен крст, употребен како заштитно средство ја задржува оригиналната форма; ништо не смее да биде додадено на крстот или на белата подлога. Крстот кој се употребува е оформен од пет еднакви црвени квадрати. Крстот не смее да ги допира краевите на подлогата. Нијансата на црвената боја не е прецизирана, а подлогата секогаш треба да биде бела.

Амблемот кој се користи показно, го содржи името или иницијалите на Црвениот крст на Република Македонија. Не смее да има слики или натписи на крстот, туку тој секогаш треба да биде доминантен елемент на амблемот.

Употреба на амблемот за декоративна цел е забранета во рамките на чл. 4 од овие правила.

При организирање на јавни манифестации или користење на материјали наменети за промовирање на Црвениот крст на Република Македонија како што се филмови, публикации, медалји и сл. може да се употреби послободен дизајн.

Дизајнот на амблемот треба да биде јасен, така што лицата и објектите кои имаат право да го користат, ќе бидат лесно препознатливи и ефикасно заштитени.

Показната употреба ја покажува поврзаноста на лицето или објектот со Црвениот крст на Република Македонија и во овој случај стриктно одредениот дизајн (црвениот крст на бела подлога) е неминовен.

Слободниот дизајн за декоративна намена може да содржи: црвен крст со позлатена граница.

Црвениот крст на Република Македонија не смее да ги истакнува ваквите дизајни на згради кои ги користи, и на меморандуми кои ги употребува, бидејќи овие се типични примери на показна и декоративна употреба.

### Член 6

***Видливост на амблемот употребуван во заштитна улога***

Кога амблемот се користи со заштитна улога мора да се идентификува од што поголема далечина и да биде во поголема димензија но во зависност од условите. Ноќе,

кога видливоста е намалена може да биде флуоресцентен или светлечки и по можност да биде направен од материјал што е лесно препознатлив за технички средства и истакнат на знамиња и рамни површини и забележлив од повеќе насоки, далечина и висина.

## Член 7

***Овластување и услови кои се однесуваат на употребата на амблемот***

За употреба на амблемот како заштитно средство, Црвениот крст на Република Македонија треба да добие овластување од надлежните институции во државата и да ги утврди условите кои се однесуваат на употребата. Националното друштво мора да ги преземе сите неопходни мерки за да утврди дали неговите членови ги почитуваат тие правила за да се избегне секое недоразбирање околу заштитната употреба на амблемот.

Во случај кога не ќе може да се издаде вакво овластување (во вонредни околности) тогаш Националното друштво може да дејствува како да го има тоа одобрение. Ова е поради тоа што постои неопходност да се преземат хуманитарни акции, но Црвениот крст на Република Македонија не смее да ги повреди меѓународните норми и правила.

## Член8

***Единици за итни интервенции***

Медицинскиот персонал од Единицата за итни интервенции на Црвениот крст на Република Македонија е овластен да го носи , амблемот на видливо место како заштитно средство за време на извршувањето на неговите задолженија.

За евидентирање на нивниот статус, овие лица треба да носат легитимации што ги издава Црвениот крст на Република Македонија

## Член 9

***Дополнителни јасни сигнали***

Со одобрение на Владата на Република Македонија, Црвениот крст на Република Македонија може своите медицински единици и транспорт да ги идентификува и со, на пример, светлосна плава сигнализација, со радио сигнал и со друг вид на електронска идентификација, согласно признатите меѓународни правила.

## Член 10

***Обележување во мирновременски услови***

Возилата што ги користи Црвениот крст на Република Македонија треба да бидат обележани со амблемот Црвен крст и името Црвен крст на Република Македонија.

Димензиите на амблемот треба да бидат помали и поставени на предната страна од возилото (хауба) и страничните предни врати.

Со одобрение на Владата на Република Македонија, Црвениот крст на Република Македонија во мирновременски услови може да го употребува амблемот и дополнителните јасни сигнали за да ги идентификува единиците за итни интервенции и транспортот чии медицински задачи во случај на вооружен конфликт се одредени.

## Член 11

***Истовремена употреба на амблемот како заштитно и показно средство***

Доколку на друг начин не се утврди од страна на владините институции, Националното друштво може да ги овласти своите членови да го истакнат амблемот како показно средство, заедно со неговото име, истовремено со амблемот кој се користи како заштитно средство.

Под истите услови објектите во надлежност на властите може исто така да го носат амблемот со името на друштвото.

Во вакви случаи, амблемот кој се користи како показно средство, како и името на Националното друштво, мора да бидат со мали димензии.

## Член 12

***Показна употреба на амблемот од вработени лица и членови на Црвениот крст на Република Македонија***

Членовите и вработените во Националното друштво може да го носат амблемот, обично со мали димензии, кога се на должност.

Кога не се на должност, членовите може да го носат амблемот но со незначителни димензии, на пример во форма на брош или значка.

Во некои случаи амблемот може да биде придружен со името или иницијалите на Црвениот крст на Република Македонија.

- Иако показната употреба на амблемот е во мали димензии, може понекогаш да биде и во големи, особено кога треба да обезбеди лесна идентификација (види член 4).
- Волонтерите треба да се идентификуваат како членови на Црвениот крст на Република Македонија. Меѓутоа, во некои случаи нив треба да им биде дозволено да го употребуваат името и иницијалите на Црвениот крст на Република Македонија заедно со амблемот исклучиво со одобрение на Црвениот крст на Република Македонија.

## Член 13

***Младите на Црвениот крст на Република Македонија***

На овие правила се придржуваат и младите на Црвениот крст на Република Македонија. Амблемот треба да биде придружен со зборовите “ Младише на Црвениош крсш на Република Македонија” или иницијали.

## Член 14

***Други лица овластени од Црвениот крст на Република Македонија да Го носат амблемот***

Националното друштво може да овласти под условите во внатрешната регулатива, лица кои не се членови на Националното друштво но посетиле некои од курсевите за обука, да го носат амблемот во мали димензии во форма на брош или значка.

Овие лица обично се лекари по лрва медицинска помош или медицински сестри.

## Член 15

***Објекти кои Ги користи Црвениот крст на Република Македонија***

Амблемот, заедно со името на Црвениот крст на Република Македонија може да биде истакнат на сите објекти кои ги користи, независно дали тие му припаѓаат или не.

Кога се користи само еден дел од зградата, амблемот може да се истакне само на тој дел од зградата.

Амблемот треба да биде со помали димензии и не треба да биде истакнат на покривот, со цел да се избегне било какво недоразбирање со заштитната употреба на амблемот.

Кога Црвениот крст на Република Македонија користи деловен простор со други лица или здруженија, нивните активности не треба да се во спротивност со дејноста на Црвениот крст.

## Член 16

***Објекти кои му припаѓаат на Црвениот крст на Република Македонија а не се во употреба на организацијата***

Црвениот крст на Република Македонија нема право да го истакнува амблемот Црвен крст на згради и објекти кои му припаѓаат, но не ги користи или ги издава под закуп на други лица или субјекти.

Ако Националното друштво ги изнајмува своите возила на други лица, тогаш од нив ќе го отстрани амблемот Црвен крст.

## Член 17

***Болници и станици за прва медицинска помош***

Амблемот, заедно со името на Црвениот крст на Република Македонија, може да биде употребен на болници и на станици за прва медицинска помош управувани од Црвениот крст на Република Македонија како и на сите транспортни средства, особено на амбулантите кои ги користат неговите членови и вработени. Амблемот користен на таков начин треба да има релативно мали димензии за да се избегне забуна со амблемот кога тој се користи за заштита.

Треба да се истакне дека показната употреба на амблемот е само за болниците со кои управува Црвениот крст на Република Македонија и притоа да не се заборави истите да бидат обележани и во мирновременски услови.

## Член18

***Сшаници за иомош и амбуланшии раководени од трети лица***

Националното друштво може да им овозможи на трети лица да го користат амблемот во мирновременски услови соодветно со Законот за Црвениот крст на Република Македонија, заради обележување на станиците за прва помош и амбулантите кои служат за давање бесплатни медицински услуги.

Црвениот крст на Република Македонија ќе одобри користење на амблемот, со право да ја контролира неговата употреба. Одобрението може да биде одземено во секое време или веднаш, ако има потреба за тоа.

## Член 19

***Дисеминација и обезбедување на финансиски средства***

I. Кампањи и настани организирани од Црвениот крст на Република Македонија

Црвениот крст на Република Македонија може да го користи амблемот со цел да ги поддржи кампањите и настаните кои ги организира на планот на дисеминација на меѓународното хуманитарно право и Основните принципи на Движењето, или за обезбедување на парични средства, во рамките на член 5 од овие Правила.

Кога се употребува на печатени материјали, објекти или друг пропаганден материјал при вакви кампањи, амблемот мора да биде придружен, доколку е практично можно, со името Црвениот крст на Република Македонија, или со текст кој ќе го привлече вниманието. Предметите на ниеден начин не смеат да сугерираат заштита на меѓународното хуманитарно право или членство во Движењето, ниту пак да поттикнуваат подоцна нивна злоупотреба. Предметот треба да биде мал или направен од материјал кој подоцна лесно ќе може да се избрише.

Црвениот крст на Република Македонија кога соработува со фирми или други организации со цел да обезбеди финансиски средства или заради продлабочување на своите активности во сферата на дисеминацијата, може да го истакне заштитниот знак, лого или име на фирмата и тоа на производи кои ги користи Црвениот крст на своите пропагандни материјали или производи кои ги продава, под претпоставка дека се исполнети следниве услови:

(а) да нема недоразбирање во јавноста за изедначување на активностите на таа фирма или квалитетот на нејзините производи со самиот амблем на Црвениот крст на Република Македонија;

(б) Црвениот крст на Република Македонија мора да ја запази контролата над целата кампања, посебно на планот на селектирање на производите на кои се прикажани заштитниот знак на фирмата, нејзиното лого или името како и местото, формата и големината на овие ознаки.

(в) кампањата мора да биде поврзана со една активност, и генерално, да биде лимитирана временски и географски;

(г) фирмата не смее да биде на ниеден начин поврзана со активности кои се во спротивност со целите и прицpüпите на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина или кои би можеле да се сметаат на начин кој би предизвикал забуна во јавноста;

(д) Црвениот крст на Република Македонија мора да го задржи правото да го прекине својот договор со фирмата во секое време и тоа да го направи во најкус можен рок, ако фирмата почне да се однесува неугледно кон авторитетот на амблемот;

(ѓ) Средствата кои ќе бидат обезбедени од кампањата мора да бидат значителни, меѓутоа во никој случај не смеат да ја загрозат независноста на Црвениот крст на Република Македонија;

(е) Соработката меѓу Црвениот крст на Република Македонија и фирмата мора да биде регулирана со писмен договор;

(ж) Договорот мора да го одобри Извршниот одбор на Собранието на Црвениот крст на Македонија.

Црвениот крст на Република Македонија може да овласти фирми или други организации во своите рекламни материјали да споменат дека тие даваат донации или на друг начин придонесуваат во работата на Црвениот крст на Република Македонија. Ова може да се дозволи на производи кои се продаваат и од кои приходите (целосно или делумно) ќе бидат наменети за Црвениот крст на Република Македонија, се разбира притоа да се имаат предвид погоренаведените точки (а, б, в, г, д, ишн.). За време на промотивната кампања, националното друштво го задржува правото да ја провери сметката фирмата пред да започне со кампањата. Националното друштво внимателно ќе врши мониторинг на начинот на кој е опишана помошта на рекламниот материјал или на производи кои се погоре наведени. Истото се однесува на било какви фотографии или друг визуелен материјал кој ќе се користи во контекстот на кампањата. Црвениот крст на Република "Македонија нема да дозволи употреба на амблемот на производи за продажба, и може да овласти истакнување на амблемот на рекламен материјал со крајно ограничување и под услов амблемот да биде само со мали димензии и придружен со јасно објаснување на помошта која ја добива националното друштво. Националното друштво ќе обезбеди условите кои се однесуваат на употребата на амблемот да бидат составен дел на договорот со компанијата, па доколку дојде до нарушување на овие услови, националното друштво ќе има право да го прекине договорот, кој прекин ќе стапи веднаш на сила без никаква одговорност за давање на надомест.

- Ова подразбира дека името и амблемот може да бидат употребени за прибирање на финансиски средства, заради продавање на производи или за давање на моментална услуга, но со тоа, на пример, да не се продава таков производ во долг временски период или пак да не се дава долгорочна услуга, посебно доколку услугата не е сврзана со традиционалните активности на Движењето или пак претставува конкуренција на слични активности со комерцијален карактер. Целта е да се спречи продажба на производи или услуги на Црвениот крст на Република Македонија и настани кои ги организира за да не станат порепрезентативни во неговата работа отколку хуманитарните и специјалните активности на националното друштво.
- Ваквиот пропаганден материјал кој се дели или се продава на јавноста, може да биде печатен материјал или најразлични предмети: летоци, публикации, постери, марки, филмови, пенкала и сл. Што се однесува на облеката и знамињата за да не доведе до конфузија која може вакви предмети да ја создадат во случај на вооружен конфликт, каде амблемот се користи за заштитни цели важно е амблемот да биде придружен со името Црвен крст на Република Македонија.
- Употребата на амблемот на Црвениот крст или името Црвен крст на Република Македонија од страна на поединци, здруженија, фирми или компании е забрането со меѓународното хуманитарно право (Прва Женевска Конвенција, Член 53).
- Црвениот крст на Република Македонија од страна има право да објави дека добил одредена помош од некоја фирма или организација при што внимателно ќе го следи начинот на кој се објавува помошта во јавноста за да се избегне било каква злоупотреба или недоразбирање во јавноста.
- Кога Црвениот крст на Република Македонија објавува дека добива по-

мош (подршка) од фирма во некоја кампања (на пример, во печатени материјали или слично), мора да инсистира дека улогата на таа фирма е сосема јасно дефинирана и дека нема да има погрешни интерпретации дека амблемот е гарант за квалитет на производите на таа фирма. Исто така, мора да се осигури дека заштитниот знак, логото или името на фирмата ќе имаат разумни пропорции во споредба со остатокот на сликата.

- Црвениот крст на Република Македонија не смее да дозволи вклучување на трговски фирми во својата редовна активност, туку само за пооделни програми. Времетраењето на помошта на компанијата мора претходно да биде одредено, но не смее да биде подолго од три години и ова мора да биде ограничено со територијалните рамки на земјата, освен доколку не постои договор со националното друштво (илидрушшва) од некоја друга држава на чија територија кампањата истотака ќе се одвива.
- Националното друштво мора да го избегне доведувањето во врска името или ознака на фирмите кои работат и произведуваат (оружје, дрога, тутун, алкохол или производи кои се штетни по животната средина) со името на националното друштво или амблемот на Црвениот крст.
- Ако Црвениот крст на Република Македонија склучи договор со фирма која во својата дејност врши работи кои не се спротивни на принципите на Движењето, но ако таа фирма подоцна предизвика одредени последици (на пример, загадување и сл.), тогаш Националното друштво мора веднаш да ги прекине сите врски со таа фирма.
- Спонзорирањето на одредени активности на Црвениот крст од страна на други фирми мора да се ревидира само во случај кога се потпишуваат крупни договори од кои Организацијата на Црвениот крст ќе има повеќекратна финансиска корист. Секако, оваа корист не смее да го направи националното друштво зависно од таа фирма. Финансиски гледано, на пример, тоа не смее да биде повеќе од 20% на вкупните ресурси на Црвениот крст на Република Македонија.
- Исто така, многу е важно, сите услови и рокови на договорот помеѓу националното друштво и компанијата или организацијата со која се склучува договор да бидат во писмена форма.
- Пред да се потпише обостраниот договор, тој треба да биде разгледан од страна на *органите на Црвениот крст на Македонија кои донесуваат одлуки по вакви прашања.
- Црвениот крст на Република Македонија може да овласти некоја фирма или друга организација која допринела во неговата работа да го спомене овој допринос во своите рекламни материјали или на производите чии приходи (делумно или целосно) ќе одат во корист на Црвениот крст. Забрането е да се истакнува амблемот на производи за продажба бидејќи тие многу често се дизајнирани за долгорочно траење и националното друштво нема никаква контрола врз нивната употреба. Амблемот може да биде репродуциран во пропагандниот материјал на фирмите и истиот мора да биде со мали димензии и да биде проследен со објаснување со што на јавноста ќе и биде јасна врската помеѓу таа фирма и Црвениот крст. Црвениот крст има право да ја провери сметката на таа фирма и да побара помош за тоа од специјализирана институција. Црвениот крст

може ова право да го изврши сам или преку специјализирана институција, на пример ревизорска фирма..

Националното друштво го задржува правото веднаш да го поништи договорот, без никаква одговорност за надомест на било каква компензација, доколку се прекршат условите за употребата на амблемот од страна на компанијата или организацијата со која е склучен договорот.

## Член 20

***Барања од трети страни за употреба на амблемот***

Со исклучок на случаите во членовите 15,19 и 20, Црвениот крст на Република Македонија може да не им дозволи на трети страни да го користат амблемот.

Може да се дозволи употреба на амблемот, на предмети кои се продаваат само ако е тоа во согласност со Женевските конвенции, со заштитна или обележувачка улога. Дозволата да се однесува само на определен рок или на број на предмети. Националното друштво може да зема провизија од тоа, но примарна цел тука е дисеминацијата на Меѓународното хуманитарно право и движењето.

Организацијата на Црвениот крст може да дозволи употреба на амблемот, на институции чија улога не е комерцијална, но е со цел да се промовираат активностите на Црвениот крст и принципите на движењето.

Црвениот крст на Република Македонија ќе бара од овие трети страни да овозможат, «во секое време, надгледување и контрола на употребата на амблемот, со можност за негово итно повлекување во случај на злоупотреба.

Освен горенаведените случаи, Црвениот крст на Република Македонија не може да овласти трети страни да го користат амблемот. И доколку се дозволи, мора да се врши строга контрола врз користењето на амблемот.

Секој оној кој сака да го користи амблемот, мора најпрво да се обрати до Црвениот крст на Република Македонија.

Организацијата на Црвениот крст мора да има пристап во институциите кои го користат амблемот и да може да ја контролира неговата употреба.

## Член 21

***Соработка со други организации***

Во принцип, Црвениот крст на Република Македонија не смее да го користи амблемот заедно со други организации.

Во исклучителни ситуации (хуманитарни активности или кампањи за дисеминација), може да се дозволи заеднички настап, за што одлучуваат надлежните органи при Организацијата на Црвениот крст.

## Член 22

***Медаљи и други парички***

Амблемот може да се користи на медаљи и други парички како признанија подарени од организацијата на Црвениот крст, каде што се користи заедно со името

Црвен крст на Република Македонија, и ако е можно, да бидат напишани неколку зборови со кои се објаснува целта на наградата.

### Член 23

***Пратки за помош***

Организацијата на Црвениот крст може да го користи амблемот заедно со името Црвен крст на Република Македонија во ситуации кога треба да се обележи помошта на транспортите во сообраќајот (пат, железница, вода или воздушен паш) наменета за жртви во воен конфликт или природни катастрофи.

## 3. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 24

***Легални основи***

Правилата се засновани на одредби од:

- Законот за Црвениот крст на Република Македонија, донесен на 26 јули 1994 год. (Сл.Весник бр.41/94)
- Правилата за употреба на амблемот на националните друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина, донесени на 20та Меѓународна конференција во Виена 1965 година, а ревидирани на Советот на Делегатите во Будимпешта 1991 година (Овие правила се изготвени врз основа на одредби од Женевските конвенции од 12 август 1949 Година и Дополнителните протоколи од 8 јуни 1977 Година). Владата на Република Македонија ги прифати и ратификува Женевските конвенции и Дополнителните протоколи на 25.август 1993 година.

| | |
|---|---|
| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| Иван Нарашанов, с.р. | Илија Цветаноски, с.р. |

# ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

## НА МЕЃУНАРОДНИОТ ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

### ХУМАНОСТ

*Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.*

### НЕПРИСТРАСНОСТ

*Не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување. Настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби но, давајќи приоритет на најитните случаи.*

### НЕУТРАЛНОСТ

*Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.*

### НЕЗАВИСНОСТ

*Движењето е независно. Националните друштва иако делуваат како дополнение на хуманитарните служби на владите и се предмет на регулирање на националното законодавство, мораат да ја зачуваат автономноста за да можат да дејствуваат во секое време, согласно со принципите на Движењето.*

### ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА

*Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди.*

### ЕДИНСТВО

*Во една држава може да има само едно национално друштво на Црвениот крст или Црвената полумесечина. Мора да биде отворено за сите и да ја извршува својата хуманитарна работа на целата територија во земјата.*

### УНИВЕРЗАЛНОСТ

*Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, во кое сите друштва што го сочинуваат имаат еднаков статус, одговорности и должности взаемно да се помагаат, делува во целиот свет.*